**СПОГОДБА**
**меѓу Република Словенија и Република Македонија**
**за укинување на визи**

Член 1

Словенечките државјани, кои поседуваат важечки патни исправи и кои немаат намера во Република Македонија да останат повеќе од три месеци или таму да вршат стопански дејности, можат без визи (дозволи за престој во форма на виза) да влезат во Република Македонија и таму да престојуваат.

Член 2

Македонските државјани, кои поседуваат важечки патни исправи и кои немаат намера во Република Словенија да останат повеќе од три месеца или таму да вршат стопански дејности, можат без биза (дозвола за престој во форма на виза) да влезат во Република Словенија и таму да престојуваат.

Член 3

Обете страни благовремено пред стапувањето во сила на оваа спогодба ќе си разменат примероци од важечките патни исправи.

Член 4

Ако едни од странита по стапувањето во сила на оваа спогодба воведе нова патна исправа, должна е за тоа да ја извести другата страна најдоцна во рок од 30 дана пред воведувањето на новата патна исправа, но дипломатски пат и заедно со испратениот примерок.

Член 5

Оваа спогодба не ги ослободува македонските државјани и словенечките државјани од обврската, при престојот на територијата на другата страна да ги почитуваат таму важечките закони и други прописи.

Член 6

Надлежните органи на двете страни си го задржуваат правото, на непожелните лице да им го ускратат влегувањето и да им го забранат престојот.

Член 7

Обете страни своите државјани, кои поседуваат важечка патна исправа без формалности ќе ги прифатат на својата територија.

Член 8

Обете страни ќе ги прифатат на својата територија и своите државјани кои немаат важечки патни исправи, ако е потребно патна исправа ќе им издаде надлежното дипломатско или конзуларно претставништво.

Член 9

Секоја страна, заради јавниот ред, заштитата или од здравствени причини или од други основани причини привремено, целосно или делумно, може да го укине користењето на претходните одредби. За престанувањето на користењето и неговото отповикување потребно е веднаш по дипломатски пат да ја извести другата страна.

Член 10

Оваа спогодба може да биде раскината во секој момент со отказен рок од три месеци. За раскинувањето другата страна треба да се извести по дипломатски пат.

Член 11

Оваа спогодба започнува да се применува од декот на потпишувањсто натаму. Конечно ќе започне да важи на денот кога двете влади меѓусебно ќе се информираат дека се исполнети знатремно-политичките услови.

Склучена во Скопје на ден 17 март 1992 г. во четири исти примероци на словенечки и македонски јазик, за секоја држава потписник по еден примерок на секој јазик при што секој примерок е еднакво важечки.

| За Република Словенија | За Република Македонија |
|---|---|
| **Др. Димитриј Рупел** с.р. | **Др. Денко Малески** с.р. |